# Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита

**Член 1**

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19 и 153/19), во член 147-а став (1) зборовите: „за суспецијализациите што траат до две години, суспецијализантот треба да работи во установата најмалку пет години по завршување на суспецијализацијата, а за суспецијализациите што траат над две години, суспецијализантот треба да работи во установата најмалку седум години” се заменуваат со зборовите: „во траење еднакво на должината на траењето на суспецијализацијата”.

Во ставот (3) зборот „четирикратен” се заменува со зборот „двократен”.

**Член 2**

Во член 150-г став (14) зборот „пет“ се заменува со зборот „два“ и зборот „четири“ се заменува со зборот „два“.

**Член 3**

Во член 150-д став (6) зборот „пет“ се заменува со зборот „два“ и зборот „четири“ се заменува со зборот „два“.

**Член 4**

Здравствените работници со високо образование од областа на медицината и јавната здравствена установа што ја одобрила суспецијализацијата кои склучиле договор согласно со одредбите од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 38/1991, 46/1993, 55/1995, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008, 67/2009, 88/10, 44/11 и 53/11) и Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19 и 153/19) ќе ги уредат меѓусебните права и обврски согласно со одредбите од овој закон.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.